2693 Централна правосудна книжница
Врховног судишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9
VRHOVNO SODIŠČE

# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 1 март 1975
Скопје
Број 7 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**36.**

Врз основа на член 5 од Уредбата за највисоките износи на патни и други трошоци за службени патувања во странство на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 32/72), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЈВИСОКИТЕ ИЗНОСИ НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО ШТО ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

1. Надоместокот за дневници што на републичките органи на управата им се признаваат во материјални трошоци за службени патувања во одделни странски земји изнесува по групи на работни места и тоа:

за Авганистан:
I група работни места 24 САД долари
II „ „ „ 22 „ „

за Албанија:
I група работни места 27 пресм. долари
II „ „ „ 25 „ „

за Алжир:
I група работни места 39 пресм. долари
II „ „ „ 33 „ „

за Ангола:
I група работни места 17 САД долари
II „ „ „ 14 „ „

за Аргентина:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Австралија:
I група работни места 28 САД долари
II „ „ „ 23 „ „

за Австрија:
I група работни места 650 австр. шилинзи
II „ „ „ 545 „ „

за Бахраин:
I група работни места 52 САД долари
II „ „ „ 44 „ „

за Бангладеш:
I група работни места 12,8 англиски фунти
II „ „ „ 10,6 „ „

за Белгија:
I група работни места 1.380 белг. франци
II „ „ „ 1.175 „ „

за Боливија:
I група работни места 30 САД долари
II „ „ „ 25 „ „

за Боцуана:
I група работни места 20 САД долари
II „ „ „ 17 „ „

за Бразил:
I група работни места 39 САД долари
II „ „ „ 33 „ „

за Брегот на Слонова Коска:
I група работни места 30 САД долари
II „ „ „ 25 „ „

за Бугарија:
I група работни места 29 пресм. долари
II „ „ „ 24 „ „

за Бурма:
I група работни места 23 САД долари
II „ „ „ 21 „ „

за Бурунди:
I група работни места 21 САД долари
II „ „ „ 18 „ „

за Велика Британија и Ирска:
I група работни места 15 англиски фунти
II „ „ „ 14 „ „

за Венецуела:
I група работни места 34 САД долари
II „ „ „ 29 „ „

за Виетнам:
I група работни места 18 САД долари
II „ „ „ 15 „ „

за Виетнам ДР:
I група работни места 33 САД долари
II „ „ „ 28 „ „

за Габон:
I група работни места 39 САД долари
II „ „ „ 33 „ „

за Гана:
I група работни места 16 англиски фунти
II „ „ „ 13 „ „

за ДР Германија:
I група работни места 29 пресм. долари
II „ „ „ 24 „ „

за СР Германија:
I група работни места 96 германски марки
II „ „ „ 82 „ „

за Гвајана:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Гвинеја:
I група работни места 40 САД долари
II „ „ „ 37 „ „

за Горна Волта:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Гренланд:
I група работни места 31 САД долари
II „ „ „ 26 „ „

за Грција:
I група работни места 28 пресм. долари
II „ „ „ 26 „ „

за Данска:
I група работни места 260 дан. круни
II „ „ „ 220 „ „

за Дахомеј:
I група работни места 34 САД долари
II „ „ „ 29 „ "

за Египет:
I група работни места 24 САД долари
II „ „ „ 22 „ „

за Еквадор:
I група работни места 28 САД долари
II „ „ „ 26 „ „

за Екваторијална Гвинеја:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Ел Салвадор:
I група работни места 26 САД долари
II „ „ „ 22 „ „

за Етиопија:
I група работни места 26 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Заире:
I група работни места 44 САД долари
II „ „ „ 37 „ „

за Замбија:
I група работни места 35 САД долари
II „ „ „ 30 „ „

за Израел:
I група работни места 25 САД долари
II „ „ „ 21 „ „

за Индија:
I група работни места 30 САД долари
II „ „ „ 28 „ „

за Индонезија:
I група работни места 34 САД долари
II „ „ „ 29 „ „

за Ирак:
I група работни места 12 англиски фунти
II „ „ „ 11 „ „

за Иран:
I група работни места 25 САД долари
II „ „ „ 25 „ „

за Ирска:
I група работни места 7,3 англиски фунти
II „ „ „ 6,1 „ „

за Исланд:
I група работни места 31 САД долари
II „ „ „ 26 „ „

за Италија:
I група работни места 17.500 итал. лири
II „ „ „ 16.000 „ „

за Јамајка:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Јапан:
I група работни места 49 САД долари
II „ „ „ 46 „ „

за Јемен НР:
I група работни места 25 САД долари
II „ „ „ 25 „ „

за Јемен АР:
I група работни места 25 САД долари
II „ „ „ 25 „ „

за Јордан:
I група работни места 30 САД долари
II „ „ „ 25 „ „

за Јужна Афричка Република:
I група работни места 9,4 англиски фунти
II „ „ „ 8,1 „ „

за Камерун:
I група работни места 34 САД долари
II „ „ „ 29 „ „

за Канада:
I група работни места 30 канад. долари
II „ „ „ 25 „ „

за Катар:
I група работни места 43 САД долари
II „ „ „ 36 „ „

за Кенија:
I група работни места 9,4 англиски фунти
II „ „ „ 8,1 „ „

за Кина НР:
I група работни места 13 пресм. фунти
II „ „ „ 11 „ „

за Кипар:
I група работни места 7,3 англиски фунти
II „ „ „ 6,1 „ „

за Кмерска Република:
I група работни места 17 САД долари
II „ „ „ 14 „ „

за Колумбија:
I група работни места 30 САД долари
II „ „ „ 30 „ „

за Конго:
I група работни места 38 САД долари
II „ „ „ 32 „ „

за Кореја НДР:
I група работни места 14 англиски фунти
II „ „ „ 13 „ „

за Костарика:
I група работни места 26 САД долари
II „ „ „ 22 „ „

за Куба:
I група работни места 16 англиски фунти
II „ „ „ 14 „ „

за Кувајт:
I група работни места 22 САД долари
II „ „ „ 19 „ „

за Лаос:
I група работни места 22 САД долари
II „ „ „ 19 „ „

за Либан:
I група работни места 23 САД долари
II „ „ „ 20 „ „

за Либерија:
I група работни места 27 САД долари
II „ „ „ 23 „ „

за Либија:
I група работни места 14,2 англ. фунти
II „ „ „ 12,2 „ „

за Луксембург:
I група работни места 810 белг. фунти
II „ „ „ 690 „ „

за Мадагаскар:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Малезија:
I група работни места 30 САД долари
II „ „ „ 30 „ „
за Мали:
I група работни места 34 САД долари
II „ „ „ 29 „ „

за Малта:
I група работни места 15 англиски фунти
II „ „ „ 14 „ „

за Мароко:
I група работни места 23 САД долари
II „ „ „ 20 „ „

за Мавританија:
I група работни места 33 САД долари
II „ „ „ 28 „ „

за Мексико:
I група работни места 23 САД долари
II „ „ „ 20 „ „

за Монголија:
I група работни места 48 пресм. долари
II „ „ „ 41 „ „

за Непал:
I група работни места 26 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Нигер:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Нигерија:
I група работни места 40 САД долари
II „ „ „ 36 „ „

за Нов Зеланд:
I група работни места 13,4 англиски фунти
II „ „ „ 11,4 „ „

за Норвешка:
I група работни места 225 норв. круни
II „ „ „ 190 „ „

за Обединетите Арапски емирати:
I група работни места 36 САД долари
II „ „ „ 31 „ „

за Оман:
I група работни места 62 пресм. долари
II „ „ „ 55 „ „

за Пакистан:
I група работни места 11,8 англиски фунти
II „ „ „ 9,8 „ „

за Панама:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „
за Парагвај:
I група работни места 25 САД долари
II „ „ „ 21 „ „

за Перу:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Полска:
I група работни места 35 пресм. долари
II „ „ „ 32 „ „

за Порторико:
I група работни места 23 САД долари
II „ „ „ 20 „ „

за Португалија:
I група работни места 26 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Руанда:
I група работни места 23 САД долари
II „ „ „ 20 „ „

за Романија:
I група работни места 35 пресм.долари
II „ „ „ 32 „ „

за САД:
I група работни места 34 САД долари
II „ „ „ 29 „ „

за Саудиска Арабија:
I група работни места 29 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Сенегал:
I група работни места 160 франц. франци
II „ „ „ 145 „ „

за Сиера Леоне:
I група работни места 34 САД долари
II „ „ „ 29 „ „

за Сингапур:
I група работни места 30 САД долари
II „ „ „ 25 „ „

за Сирија:
I група работни места 23 САД долари
II „ „ „ 22 „ „

за Сомалија:
I група работни места 24 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за СССР:
I група работни места 36 пресм. долари
II „ „ „ 31 „ „

за СРИ Ланка:
I група работни места 12,6 англиски фунти
II „ „ „ 10,6 „ „

за Судан:
I група работни места 10 англиски фунти
II „ „ „ 9 „ „

за Тајланд:
I група работни места 25 САД долари
II „ „ „ 21 „ „

за Танзанија:
I група работни места 11 англиски фунти
II „ „ „ 9,4 „ „

за Того:
I група работни места 31 САД долари
II „ „ „ 26 „ „

за Тринидад — Тобаго:
I група работни места 22 САД долари
II „ „ „ 19 „ „

за Тунис:
I група работни места 26 САД долари
II „ „ „ 21 „ „

за Турција:
I група работни места 22 САД долари
II „ „ „ 19 „ „

за Уганда:
I група работни места 32 САД долари
II „ „ „ 30 „ „

за Унгарија:
I група работни места 23 САД долари
II „ „ „ 20 „ „

за Уругвај:
I група работни места 25 САД долари
II „ „ „ 23 „ „

за Филипини:
I група работни места 27 САД долари
II „ „ „ 23 „ „

за Финска:
I група работни места 33 САД долари
II „ „ „ 28 „ „

за Франција:
I група работни места 190 франц. франци
II „ „ „ 160 „ „

за Холандија:
I група работни места 86 хол. флорини
II „ „ „ 71 „ „

за Хондурас:
I група работни места 26 САД долари
II „ „ „ 22 „ „

за Хонг Конг:
I група работни места 33 САД долари
II „ „ „ 28 „ „

за Централна Афричка Република:
I група работни места 14,6 англиски фунти
II „ „ „ 12,6 „ „

за Чад:
I група работни места 34 САД долари
II „ „ „ 29 „ „

за Чехословачка:
I група работни места 34 пресм. долари
II „ „ „ 29 „ „

за Чиле:
I група работни места 26 САД долари
II „ „ „ 24 „ „

за Швајцарија:
I група работни места 94 швајц. франци
II „ „ „ 78 „ „

за Шведска:
I група работни места 160 швед. круни
II „ „ „ 140 „ „

за Шпанија:
I група работни места 21 САД долари
II „ „ „ 18 „ „

за сите други држави:
I група работни места 13 САД долари
II „ „ „ 11 „ „

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за највисоките износи на дневниците за службени патувања во странство што им се признаваат во материјални трошоци на републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 19/74).

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-398/1
25 февруари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**37.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за советник во Извршниот совет Љупка Шукарова, дипломиран правник во Собранието на СР Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-210/1
31 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**38.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за советник во Извршниот совет Гоце Митевски, досегашен директор на Аеродромот „Охрид“ во Охрид.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.

Број 12-211/1
31 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**39.**

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69 ), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. Се именува за советник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика Душан Зец, санитетски потполковник.

2. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-213/1
31 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**40.**

Врз основа на член 14 став 3 од Законот за жичари („Службен весник на СРМ“, бр. 35/67), републичкиот секретар за сообраќај и врски донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПРЕГЛЕДИ НА ЖИЧАРИТЕ

1. Во Решението за определување работни организации за прегледи на жичарите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/69), во точката 1 по алинеја 3 се додава нова алинеја која гласи:

„Заводот за испитување на материјали и конструкции — Љубљана“.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-47/1
10 февруари 1975 година
Скопје

Републички секретар
за сообраќај и врски,
**Александар Варналиев,** с. р.

**41.**

Врз основа на член 72 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“, бр. 49/74), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА АВТОБУСИТЕ СО КОИ СЕ ПРЕВОЗУВААТ ДЕЦА

Член 1

Автобусите со кои се превозуваат деца се обележуваат со знак, чиј облик и содржина е утврден со цртежот што е даден кон овој правилник и сочинува негов составен дел.

Знакот од претходниот став е превлечен со рефлектиречка материја од соодветни бои.

Член 2

Знакот од член 1 од овој правилник се поставува на предната и задната лева страна на автобусот, под застаклените површини.

Знакот од претходниот став не смее да ја заклонува видливоста на сигналните уреди на автобусот.

Член 3

Бојата на знакот на автобусот е според југословенскиот стандард (ЈУС у. С4. 781), со тоа што на предната страна место црвена се наоѓа портокалова боја.

Фигурата на децата и триаголникот на знакот се изработува во соодветен размер од сообраќајниот знак А-16 „Деца на пат“.

Член 4

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за означување на автобусите со кои се превозуваат училишни деца („Службен весник на СРМ“ бр. 13/74).

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 05-1202/1
19 февруари 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.




Размер: 1 : 50

**42.**

Врз основа на член 168 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РЕГИСТРАЦИОНИ ПОДРАЧЈА ЗА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

Член 1

Регистрационо подрачје е подрачјето на една или повеќе општини на кое моторните и приклучните возила при регистрацијата добиваат регистарски таблици со определена ознака на регистрационото подрачје.

Член 2

На територијата на Републиката се определуваат следните регистрациони подрачја:

1. Битола — за подрачјето на општините: Битола, Демир Хисар, Крушево, Прилеп;
2. Куманово — за подрачјето на општините: Кратово, Крива Паланка и Куманово;
3. Охрид — за подрачјето на општините: Дебар, Кичево, Македонски Брод, Охрид, Ресен и Струга;
4. Скопје — за подрачјето на општината на град Скопје;
5. Тетово — за подрачјето на општините: Гостивар и Тетово;
6. Титов Велес — за подрачјето на општините: Валандово, Гевгелија, Кавадарци, Неготино и Титов Велес; и
7. Штип — за подрачјето на општините: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Св. Николе, Струмица и Штип.

Член 3

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за одредување регистрациони подрачја („Службен весник на СРМ“, бр. 2/66).

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 05-1201/1
19 февруари 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

**43.**

Врз основа на член 125 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ДИМЕНЗИИТЕ И НАЧИНОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ ТАБЛИЦИ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА ВОЗИЛОТО НА КОЕ СЕ ВРШИ ПОДГОТВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ

Член 1

Должината на страницата на посебната таблица за означување на возило на кое се врши подготвување на кандидати за возачи (таблица) изнесува за мотоцикли 12 см., а за други моторни возила и трактори 16 см..

Височината на буквата „L“ на таблицата за мотоцикли изнесува 8 см., а на таблицата за други моторни возила и трактори 10 см.

Широчината на линијата со која е испишана буквата „L“ на таблицата за мотоцикли изнесува 1,5 см., а на таблицата за други моторни возила и трактори 2 см.

На грбот на таблицата е запишан контролниот број на таблицата.

Член 2

На возилото таблицата се поставува, и тоа:

1) На мотоцикл — една таблица на задната страна непосредно под или над регистарската таблица;

2) На кое и да било друго моторно возило или трактор по две таблици — една на предната, а друга на задната страна, така што средината на таблицата да не биде оддалечена повеќе од 40 см. од левиот бочен раб на возилото, а височината на таблицата повеќе од 1 метар од површината на коловозот.

Член 3

Со парична казна од 100 динари ќе се казни на самото место за прекршок инструктор што на патот врши подготвување на кандидат за возач на возило на кое таблицата е поставена на начин спротивен на одредбата од член 2 на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 05-1203/1
19 февруари 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

**44.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Одлуката за неисплатување на надоместокот на личен доход за време на привремената спреченост за работа во врска со користењето на здравствената заштита, донесена од работничкиот совет на Градежното претпријатие за висока и ниска градба „Црвена Ѕвезда“ во Гостивар, по јавната расправа одржана на 25 декември 1974 година на седницата од 16 јануари 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за неисплатување на надоместокот на личен доход за време на привремената спреченост за работа во врска со користењето на здравствената заштита, донесена од работничкиот совет на Градежното претпријатие за висока и ниска градба „Црвена Ѕвезда“ во Гостивар на седницата одржана на 17 февруари 1971 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Градежното претпријатие за висока и ниска градба „Црвена Ѕвезда“ во Гостивар на начин кој во статутот на претпријатието е пропишан за објавување на самоуправните општи акти.

3. Јавниот обвинител на Македонија му поднесе на овој Суд предлог за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот одлуката е незаконита затоа што со неа е определено на работниците да не им се исплатува надоместок на личен доход за време на нивната спреченост за работа поради болест ако боледувањето е дадено од лекар вон територијата на матичниот завод и матичната амбуланта во кој работникот е пријавен односно каде работникот работи. Во предлогот се изнесува мислење според кое организацијата на здружениот труд не е со закон овластена да одлучува за тоа дали на работникот му припаѓа право на таков надоместок и под кои услови ќе се остварува овој надоместок. Организацијата на

здружениот труд, според наводите во предлогот, е овластена само да ја утврдува височината на надоместокот што се исплатува на товар на нејзините средства.

4. На јавната расправа Судот утврди дека со оспорената одлука е определено на работниците да не им се исплатува надоместок на личниот доход за време на привремената спреченост за работа во врска со користењето на здравствената заштита ако боледувањето е дадено од лекар вон подрачјето на матичниот завод и матичната амбуланта кај кој работникот е пријавен, освен во случаите кога е во прашање брза помош или кога работникот е стациониран во болница.

Во членот 38 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) е определено дека на осигурениците — работници им се обезбедува право на надоместок на личен доход за време на привремена спреченост за работа во врска со користењето на здравствената заштита и дека почетокот и престанокот на привремената спреченост за работа ја утврдува надлежниот лекар односно стручна комисија. Согласно членот 40 од овој закон, надоместокот за првите 30 дена на спреченост за работа на работникот му го исплатува работната организација на товар на своите средства, а согласно ставот 1 на член 47 од законот височината на надоместокот што се исплатува на товар на средствата на работната организација ја утврдува самата организација.

Со оглед на тоа што со оспорената одлука е определено на работниците да не им се исплатува надоместок на личниот доход поради привремена спреченост за работа во врска со користењето на здравствена заштита кога привремената спреченост за работа е утврдена од лекар надвор од подрачјето на заедницата на здравственото осигурување на работниците на кое работникот е вработен односно од лекар на амбуланта во која работникот не е пријавен, Судот смета дека работничкиот совет на Градежното претпријатие „Црвена Ѕвезда" во Гостивар ги пречекорил овластувањата што му се дадени со членот 47 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението според кој работната организација е овластена да одлучува само за височината на надоместокот што се исплатува на товар на нејзините средства.

Од друга страна согласно ставот 2 на член 34 од означениот закон осигурениците во заедниците на здравственото осигурување ги утврдуваат условите и начинот под кои ги користат услугите од здравствените работни организации и здравствените работници. Врз основа на оваа законска одредба Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците во Гостивар, донело Правилник за условите и начинот за остварување правата од здравственото осигурување на работниците („Службен весник на СРМ" бр 26/74). Според членот 60 од овој правилник, доколку осигуреникот се разболи во време кога е надвор од местото во кое ординира надлежниот лекар, ако е тоа неопходно потребно, отсуство од работа може да одобри и друг лекар со тоа што осигуреникот е обврзан за одобреното отсуство да ја извести својата организација. Со тоа што со оспорената одлука се уредени прашања во врска со условите и начинот на остварување правото на надоместок на личен доход за време на привремена спреченост за работа во врска со користењето на здравствената заштита на осигурениците кои се уредени со општ акт на Заедницата на здравственото осигурување на работниците во Гостивар Судот смета дека одлуката не е во согласност и со ставот 2 на член 34 од означениот закон.

На основа изнесеното Уставниот суд одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 19/74
16 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче**, с. р.

---

**45.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста на членот 8 од Правилникот за распределба на доходот и личните доходи на работниците, донесен од советот на работната заедница на органот на управата на Собранието на општина Виница по јавната расправа одржана на 22 јануари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА членот 8 од Правилникот за распределба на доходот и личните доходи на работниците, донесен од советот на работната заедница на органот на управата на Собранието на општината Виница на седницата од 19 јули 1973 година, во делот во кој се определени мерила за вреднување на работните места по основите „посебни услови" и „раководење".

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Виница".

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 8/74 од 31 октомври 1974 година поведе постапка за оценување уставноста на членот 8 од правилникот означен во точката 1 на оваа одлука.

На јавната расправа Судот утврди дека во членот 8 од означениот правилник за повеќе работни места по основите „сложеност", „одговорност" и „самостојност во работата", во тој член означени како „посебни услови", како и по основот „раководење" за работното место секретар, за исто работно место се определени различни износи на проценти односно бодови и тоа во зависност од предвидените степени на стручна подготовка за соодветното работно место. Така, во случаите кога за едно работно место алтернативно се предвидени повеќе степени на стручна подготовка, за понискиот степен на стручна подготовка е определен поголем износ на бодови по основите „сложеност", „самостојност и одговорност во работата", а за секретарот и по основот „раководење", додека за повисоките степени на стручна подготовка за истите основи е определен помал износ на бодови. Според мислењето на Судот ваквото вреднување на трудот на работникот по основите „сложеност", „самостојност", „одговорност во работата" и „раководење" не е во согласност со начелото за распределба според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија, затоа што работниот придонес на работникот по овие основи не зависи од степенот на неговата стручна подготовка, туку зависи од природата и сложеноста на работите што се извршуваат на соодветното работно место, а тие имаат еднакво влијание врз работниот придонес независно од околноста дали работникот што ги извршува работите на тоа работно место е со висока, виша или средна стручна подготовка. Освен тоа Судот смета дека до ваквото вреднување на работниот придонес на работникот, а посебно со определувањето помал износ на бодови по основите „сложеност", „самостојност", „одговорност во работата" и „раководење" за работниците со повисок степен на стручна подготовка всушност се негира поголемиот работен придонес што овие работници можат да го дадат по основот

стручна подготовка, што начелно правилно е утврдено во членот 8 од правилникот во делот во кој се определени мерилата по овој основ.

На основа на изнесеното Судот реши како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 8/74
22 јануари 1975 година
Скопје

Претседател на Уставниот
суд на Македонија,
**д-р Асен Групче,** с. р.

**46.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста на ставот 3 на член 14 од Правилникот за аналитичката процена на вредностите на работните места, донесен од советот на работната заедница на филијалата во Куманово на Стопанската банка во Скопје, по јавната расправа одржана на 22 јануари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА ставот 3 на член 14 од Правилникот за аналитичката процена на вредностите на работните места, донесена од советот на работната заедница на филијалата во Куманово на Стопанската банка во Скопје на седницата од 28 ноември 1973 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во филијалата во Куманово на Стопанската банка во Скопје, на начин определен со статутот на филијалата за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 9/74 од 16 октомври 1974 година поведе постапка за оценување уставноста на ставот 3 на член 14 од правилникот означен во точката 1 на оваа одлука.

На јавната расправа Судот утврди дека според одредбите на ставот 1 и 2 на член 14 од правилникот работниците во филијалата имаат право на учество во распределбата на средствата за лични доходи по основ на минат труд во висина од 0,5% од вредноста на работното место за секоја година работен стаж, а според ставот 3 на овој член личниот доход по овој основ се исплатува до навршените 25 години работен стаж.

Во членот 22 од Уставот на СР Македонија е определено дека на секој работник, во согласност со начелото за распределба според трудот и со порастот на продуктивноста на неговиот и на вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд, му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби, според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал за зголемувањето на доходот на основната организација. Поради тоа што работникот со својот труд во текот на целиот работен стаж придонесува за зголемувањето на доходот на основната организација, Судот смета дека учеството на работникот во распределбата на личните доходи по основот минат труд не може да се ограничува на определен дел од неговиот работен стаж. Со оглед на тоа што во филијалата на Стопанската банка во Куманово учеството на работниците во распределбата на личните доходи по основот минат труд е ограничено до навршените 25 години работен стаж Судот утврди дека ставот 3 на член 14 од оспорениот правилник не е во согласност со членот 22 од Уставот на СР Македонија, поради што реши како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 9/74
22 јануари 1975 година
Скопје

Претседател на Уставниот
суд на Македонија,
**д-р Асен Групче,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ОПШТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**80.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници и член 23 од Статутот на Општата заедница на образованието — Скопје, Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје, на својата седница одржана на 21 февруари 1975 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — СКОПЈЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — СКОПЈЕ

1. Се именуваат претседател, секретар, член и нивни заменици на Изборната комисија на Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје за спроведување дополнителни избори за избор на делегати во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје и тоа:

а) за претседател Димовски Благоја, професор, самостоен советник за настава во Стручната служба на Општата заедница на образованието — Скопје, а за негов заменик Момирова Олга, дипломиран економист, стручен соработник во Стручната служба на Општата заедница на образованието — Скопје;

б) за секретар Димитриевски Тихомир, дипломиран правник, правен советник во Стручната служба на Општата заедница на образованието — Скопје, а за негов заменик Тодоровски Иван, референт за самоуправување и работни односи во Стручната служба на Општата заедница на образованието — Скопје; и

в) за член Тасев Никола, дипломиран економист, економски советник во Стручната служба на Општата заедница на образованието — Скопје, а за негов заменик Јанчев Ангел, раководител на службата за студентски стандард во Стручната служба на Општата заедница на образованието — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 03-484/1
21 февруари 1975 година
Скопје

Претседател,
**проф. Димче Левков,** с. р.

81.

Врз основа на член 51 став 2 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници и член 21 и 22 од Статутот на Општата заедница на образованието — Скопје, Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје, на својата седница одржана на 21 февруари 1975 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТ ВО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — СКОПЈЕ

1. Се распишуваат дополнителни избори за избор на делегат во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје во делегатската единица Охрид — Ресен I од редот на давателите на услугите.

2. Дополнителните избори за избор на делегат во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје ќе се одржат на ден 25 март 1975 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 03-485/1
21 февруари 1975 година
Скопје

Претседател,
**проф. Димче Левков,** с. р.

---

82.

Врз основа на член 51 став 2 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници и член 21 и 22 од Статутот на Општата заедница на образованието — Скопје, Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје, на својата седница одржана на 21 февруари 1975 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТ ВО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — СКОПЈЕ

1. Се распишуваат дополнителни избори за избор на делегат во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје во делегатската единица Скопје III од редот на давателите на услугите.

2. Дополнителните избори за избор на делегат во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје ќе се одржат на ден 25 март 1975 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 03-483/1
21 февруари 1975 година
Скопје

Претседател,
**проф. Димче Левков,** с. р.

83.

Врз основа на член 12 став 1 точка 5 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници, Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје, на седницата одржана на 21 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ДЕЛЕГАТСКИ МАНДАТ НА ДЕЛЕГАТ ВО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — СКОПЈЕ

1. Се утврдува дека на Нанчоски Коста, делегат во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје, избран во делегатската единица Охрид — Ресен I од редот на давателите на услугите поради смрт му престанува делегатскиот мандат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 03-486/1
21 февруари 1975 година
Скопје

Претседател,
**проф. Димче Левков,** с. р.

---

84.

Врз основа на член 12 став 1 точка 4 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници, Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје, на седницата одржана на 3 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ДЕЛЕГАТСКИ МАНДАТ НА ДЕЛЕГАТОТ ЈОВАН ШАРАЦ ВО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — СКОПЈЕ

1. Се утврдува дека на Јован Шарац, делегат во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје, избран во делегатската единица Скопје III од редот на давателите на услугите му престанува делегатскиот мандат поради настапување на случај на неспоивост на функција на делегат со друга функција односно служба.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-496/1
24 февруари 1975 година
Скопје

Претседател,
**проф. Димче Левков,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ

85.

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 8/74), Собранието на Заедницата на научните дејности, на седницата одржана на 23 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ДЕЛЕГАТ ВО СОБРАНИЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ

I

Се распишуваат избори за избор на делегат во Собранието на Заедницата на научните дејности во делегатската единица Битола III.

Изборите од претходниот став ќе се одржат на 27 април 1975 година, а изборната постапка почнува да тече од 1 март 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 01-213/1
24 февруари 1975 година
Скопје

Претседател,
**проф. д-р Тодор Џунов,** с. р.

**86.**

Врз основа на член 10 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 8/74), Собранието на Заедницата на научните дејности, на седницата одржана на 24 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ДЕЛЕГАТ ВО СОБРАНИЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ

I

Се распишуваат избори за делегат во Собранието на Заедницата на научните дејности во IX делегатска единица — Основна организација на здружен труд од Институтот за национална историја — Скопје.

Изборите од претходниот став ќе се одржат на 27 април 1975 година, а изборната постапка почнува да тече од 1 март 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 01-143/1
24 февруари 1975 година
Скопје

Претседател,
**проф. д-р Тодор Џунов,** с. р.

**87.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 8/74), Собранието на Заедницата на научните дејности, на седницата одржана на 24 февруари 1975 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ — СКОПЈЕ

I. Се именува Републичка изборна комисија за спроведување избори за делегати во Собранието на Заедницата на научните дејности — Скопје во состав:

1. Претседател м-р Љубомир Варошлија, на работа во Собранието на СРМ, заменик м-р Наум Шурбановски, на работа во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања — Скопје.

2. Секретар Јордан Поповски, пом. секретар во Заедницата на научните дејности, заменик Нада Иванова, соработник во Стручната служба на Заедницата.

3. Член Фиданчо Стоев, на работа во Претседателството на СР Македонија, заменик Лидија Петковска, на работа во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања — Скопје.

II. Решението да се достави на именуваните и архивата на Заедницата.

Ш. Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-212/1
25 февруари 1975 година
Скопје

Претседател,
**проф. д-р Тодор Џунов,** с. р.

ОПШТИНСКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — РАДОВИШ

**88.**

Врз основа на член 29 став 1 точка 1 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Радовиш, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКИТЕ НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ВО 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравственото осигурување за 1975 година се определува во височина од 8% од бруто личен доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствената заштита од 2,80%;

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување од 4,45%;

— стапката на придонесот за проширување на здравствената заштита од 0,75%.

Тарифата на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се определува во височина од:

— 0,50% од остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход,

— 0,50% од основицата од која се пресметуваат придонесите за здравственото осигурување предвидени со став 1 од овој член, за организациите на здружениот труд и други организации и заедници кои не остваруваат доход.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство се определува по стапка во висина од 20% од нето личните доходи, односно од основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерно на стапките односно тарифата на придонесот определен со член 1 на оваа одлука.

Член 3

Стапката на придонесот за здравственото осигурување на Заводот за вработување за паричен надоместок на привремено невработените лица и на уживателите на пензија се определува во висина од 11,30% од исплатениот надоместок.

За лица пријавени во Заводот за вработување основицата за пресметување на придонесот за здравствено осигурување ја сочинува просечниот износ на име паричен надоместок на привремено невработените лица во време за кое се плаќа придонесот за здравственото осигурување.

Ако во времето кога се плаќа придонесот за здравствено осигурување основицата не може да се определи на начин утврден со претходниот став, бидејќи не се исплаќа надоместок на привремено невработени лица, како основица за пресметување на придонесот служи основицата по која последен пат е пресметан придонесот на здравствено осигурување.

Член 4

За лица кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа, по стапка од 0,71% од исплатениот надоместок.

Член 5

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението (во натамошниот текст: Законот) и други општи акти на Заедницата основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравствено осигурување се пресметуваат и се плаќаат по стапки, односно според тарифата пресметана за примена на нето личните доходи, односно примањата.

Пресметувањето на тарифата на начин определен во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучиво се пресметуваат и се плаќаат во нето износ, како и во случаи кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и се плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Член 6

Обврзникот за уплата на придонесот е должен, согласно со член 105 од Законот, при уплата на придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство на самиот налог-уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на основиците и на периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзникот за уплата на придонесите не го пополни налогот-уплатницата согласно со одредбите од став 1 на овој член службата, односно поштата, нема да го прими налогот-уплатницата во смисла на член 38 од Законот за Службата на општественото книговодство.

Член 7

Придонесите ги пресметуваат и ги плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, со статутарна одлука на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Радовиш и другите општи акти на Заедницата.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 1539/1
30 декември 1974 година
Радовиш

Претседател,
**Глигор Дунгевски,** с. р.

**89.**

Врз основа на член 30 став 1 точка 1 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Радовиш, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите и соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД КАТАСТАРСКИОТ ДОХОД И ПАУШАЛНИОТ ПРИДОНЕС ПО ОСИГУРЕНИК ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

1. Стапката на придонесот од катастарскиот доход на земјоделците се определува во висина од 12%, од тоа:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствената заштита од 9%, и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови од 3%.

2. Паушалниот придонес по осигуреник изнесува 25,00 динари, од кои:

— на име придонес за задолжителните видови на здравствена заштита 15,00 динари, и

— на име придонес за правата од здравственото осигурување над задолжителните видови — 10,00 динари.

3. Земјоделците кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделство ќе плаќаат придонес за здравствено осигурување по 90,00 динари по член годишно, од тоа:

— на име придонес за задолжителните видови на здравствена заштита — 60,00 динари, и

— на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови — 30,00 динари.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 1540/1
30 декември 1974 година
Радовиш

Претседател,
**Глигор Дунгевски,** с. р.

**90.**

Врз основа на член 29 став 1 точка 6 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Радовиш, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ

Член 1

Во случај на смрт на осигурено лице му припаѓа надоместок на трошоци за закоп и тоа:

— на личен осигуреник или член на фамилија постар од пет години — 1.000 динари;

— на член на фамилија до навршени 5 години — 800 динари.

Член 2

Надоместокот за закоп на осигурено лице надвор од подрачјето на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Радовиш ќе се исплатува спрема одлуката на Заедницата на здравственото осигурување каде се врши закопот на осигуреното лице, ако е поповолно за него.

Член 3

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице умрено во странство за време додека боравело таму се определува и наплатува во висина на стварните трошоци за закоп во таа земја.

Член 4

Во случај на смрт на осигуреник им припаѓа на членовите на семејството, ако осигуреникот до својата смрт ги издржувал, посмртна помош во еднократен износ во висина на основот за надоместок на личниот доход од претходната година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 1546/1
30 декември 1974 година
Радовиш

Претседател,
**Глигор Дунгевски,** с. р.

---

**91.**

Врз основа на член 25 и 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 29 став 1 точка 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Радовиш, Собранието на Заедницата, на заедничката седница на соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и соборот на делегатите на даватели на услугите, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕСИ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување и за утврдување правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци за кои со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението не е утврдена основица за придонес.

Член 2

Основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување за лицата од претходниот член изнесуваат:

1. — за лицата вработени како неквалификувани работници — 1.165 динари;

2. — за лицата вработени како квалификувани работници — 1.300 динари;

3. — за лицата вработени како висококвалификувани работници — 1.600 динари;

4. — за домашни помошнички — 1.000 динари.

Основиците се утврдени во нето износ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 1548/1
30 декември 1974 година
Радовиш

Претседател,
**Глигор Дунгевски,** с. р.

### ОПШТИНСКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — БЕРОВО

**92.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 15 став 1 точка 16 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, на седницата на двата собора — Собор на корисници на услугите — работници и Собор на даватели на услугите, одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

Износот на помошта за спрема на новородено дете ќе се исплатува на осигурените лица на територијата на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово во износ од 200,00 динари.

Член 2

На осигурениците осигурени за сите осигурени случаи им припаѓа помош за спрема на новородено дете и тоа:

1. на осигуреник — жена;

2. на осигуреник — маж, за случај породување на брачната другарка која е осигурена како член на семејството;

3. на осигуреник, во случај на породување на друго женско лице кое е осигурено како член на семејството, ако осигуреникот пред породувањето го исполнувал условот од претходното осигурување;

4. помош за спрема на новородено дете припаѓа и во случај на породување на женски член на семејството на кого му е обезбедена здравствена заштита додека осигуреникот се наоѓа на отслужување на воениот рок;

5. помош за спрема на новородено дете припаѓа и за дете родено во рок од 10 месеци од денот на смртта на осигуреникот, односно после разводот на бракот на осигуреникот;

6. помош за спрема на новородено дете припаѓа и за вонбрачно дете, ако е татковството утврдено со правосилна судска пресуда;

7. помош за спрема на новородено дете припаѓа и за усвоено дете до 6 месеци, ако за детето помош за спрема не е исплатена.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-31/1
26 декември 1974 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнаџиски,** с. р.

**93.**

Врз основа на член 52 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 9 став 1 алинеја 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 15 став 1 точка 16 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово — Соборот на корисниците на услугите — работници и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд од здравството-даватели на услугите, на седницата одржана на 26. декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ

Член 1

Во случај на смрт на осигурено лице му припаѓа надоместок на трошоците за закоп и тоа:

— за осигуреник или член на фамилијата постар од 5 години 1.000 динари;

— за член на фамилијата до наполнети 5 години — 800 динари.

Член 2

Надоместокот за закоп на осигурено лице надвор од подрачјето на Заедницата ќе се исплатува спрема одлуката на Заедницата на здравственото осигурување каде се врши закоп на осигуреното лице, ако е поповолно за него.

Член 3

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице умрено во странство за време додека боравело таму се одредува и исплатува во висина на стварните трошоци за закоп во дотичната земја.

Член 4

Во случај на смрт на осигуреник на членовите на неговото семејство им припаѓа помош во еднократен износ во висината од основот за надоместок на личниот доход од претходната година, ако осигуреникот до својата смрт ги издржувал.

Во случај на смрт на пензионер посмртна помош припаѓа во висина на износот на пензијата примена во претходниот месец.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-32/1
26. декември 1974 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнаџиски,** с. р.

---

**94.**

Врз основа на член 37 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 15 став 1 точка 16 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, на седницата на двата собора — Соборот на делегатите на работниците-корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд на здравството — даватели на услугите, одржана на 26. декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Височината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствена заштита на осигурените лица изнесува:

— 20 динари во рамките на општината,

— 40 динари во рамките на Заедницата и другите места во СРМ,

— 50 динари во Скопје,

— 80 динари надвор од подрачјето на СРМ.

За деца до петнаесетгодишна возраст — 50% од износите определени од став 1 на овој член.

Член 2

Осигуреното лице остварува право на полна дневница кога патувањето и престојот во друго место трае повеќе од 12 часа, половина дневница од 8 до 12 часа, а за времето помалку од 8 часа не следува дневница.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-33/1
26. декември 1974 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнаџиски,** с. р.

---

**95.**

Врз основа на член 47 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 15 став 1 точка 16 од Самоуправната спогодба за формирање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд на здравството — даватели на услугите, одржана на 26. декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД ПО ИСТЕКОТ НА ПРВИТЕ 30 ДЕНА СПРЕЧЕНОСТ НА РАБОТА

Член 1

Височината на надоместокот на личен доход по истекот на првите 30 дена на спреченост на работа поради привремена неспособност (боледување) за работа, поради определено лекување во текот на работното време, за време на неопходно лекување според прописите на воените инвалиди, поради санитарна изолација и друго изнесува:

1. 90% од основот за надоместок од триесет и првиот ден до шеесетиот ден,

2. 95% од основот за надоместок од шеесет и првиот ден на спреченоста за работа на осигурениците кои пред настапувањето на случајот го исполнувале условот на претходното осигурување.

Член 2

Осигуреници кои пред настапувањето на случајот не го исполнувале условот од претходното осигурување висината на надоместокот на личниот доход изнесува:

1. 70% од основот за надоместок од триесет и првиот ден до шеесеттиот ден,

2. 90% од основот за надоместок од шеесет и првиот ден на спреченоста за работа.

Член 3

Осигуреници кои имаат право на надоместок на личниот доход за време на привремената спреченост за работа, додека се наоѓаат во стационарни здравствени установи или други специјализирани установи, во кои им е обезбедено сместување и исхрана, надоместокот на личен доход се смалува и тоа:

1. за 40% ако нема членови кои ги издржува,
2. за 20% ако има еден член за издржување,
3. за 10% ако има 2 члена за издржување,
4. на осигуреник кој има три или повеќе члена за издржување надоместокот за личен доход не му се намалува.

Како членови кои ги издржува осигуреникот во смисла на член 3 од оваа одлука се земаат во обѕир само децата на осигуреникот на кои им се обезбедува здравствена заштита и брачниот другар.

Член 4

Надоместок на личен доход од член 1 и 2 од оваа одлука ќе се исплатува на товар на средствата на фондот за здравствено осигурување на работниците при Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-37/1
26. декември 1974 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнаџиски,** с. р.

**96.**

Врз основа на член 23 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 9 став 1 алинеја 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 15 став 1 точка 16 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, на заедничката седница на сите собори, одржана на 26. декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се сметаат како издржувани лица членовите на семејството и другите лица што се осигурени според одредбите на Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението, како и условите под кои се смета дека издржуваното лице нема сопствени приходи доволни за издржување.

Член 2

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат со него во заедничко домаќинство и немаат сопствени приходи доволни за издржување.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови на семејството немаат сопствени приходи доволни за издржување, ако нивниот катастарски приход од земјоделие не го надминува износот од 300,00 динари годишно, или другите приходи не го надминуваат износот од 100,00 динари месечно, или ако катастарскиот приход и другите приходи месечно заедно не го надминуваат износот од 1.250,00 динари годишно по едно издржувано лице.

Член 4

Членот на семејството кој не живее во заедничко домаќинство со осигуреникот ќе се смета за издржувано лице, ако неговите сопствени приходи не ги надминуваат износите предвидени во членот 3 од оваа одлука и ако осигуреникот учествува во трошоците на неговата издршка со најмалку 200,00 динари месечно по издржувано лице.

Член 5

Се смета дека децата земени на издржување во смисла на член 20 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението немаат сопствени приходи доволни за издржување, ако нивните приходи, односно ако приходите на нивните родители по член на домаќинство, не ги надминуваат износите предвидени во член 3 на оваа одлука.

Член 6

Како приход во смисла на член 3 од оваа одлука не се сметаат приходите по основ на инвалиднина, телесно оштетување и додаток за помош и нега што се обезбедуваат според прописите од инвалидското осигурување, како и други примања на издржуваното лице за кои според посебни прописи, со кои се установуваат одделните примања, изрично е утврдено дека, не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 7

Износите од член 3 и 4 од оваа одлука ќе важат додека со Самоуправен договор на заедниците на здравството и здравственото осигурување во СР Македонија, или со соодветен акт на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување овие износи не бидат определени поинаку.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. јануари 1975 година.

Број 01-36/1
26. декември 1974 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнаџиски,** с. р.

**97.**

Врз основа на член 36 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 15 став 1 точка 16 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, на седницата на двата собора — Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите

на работниците од здружениот труд на здравството — даватели на услугите, одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Член 1

Осигурениците и осигурените лица задолжително учествуваат во трошоците при користењето на здравствената заштита и тоа:

1. 20% од цената на здравствените услуги кои се извршуваат со цел за естетски корекции на поодделни органи или делови на телото: естетски операции на носот, ушните школки, лицето, дојките и симнување на брадавиците;

2. 20% од цената на здравствените услуги што се извршува со цел за хируршка корекција на вродени деформации или случаи настанати пред стекнувањето на својство на осигурено лице, освен за деца до навршени 15 години возраст, а ако се на редовно школување до 26 годишна возраст;

3. 40% од цената на извршениот абортус за кој не постои апсолутна медицинска индикација.

Член 2

Осигуреното лице учеството предвидено со оваа одлука го плаќа на организацијата која ја извршила услугата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-35/1
26. декември 1974 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнаџиски,** с. р.

---

**98.**

Врз основа на член 36 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 15 став 1 точка 16 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, на седницата на двата собора — Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд — даватели на услугите, одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАБНОПРОТЕТИЧКИ СРЕДСТВА И ЗАБНОТЕХНИЧКА ПОМОШ, ОРТОПЕДСКИ ЧЕВЛИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ МАТЕРИЈАЛИ

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на задолжителното учество на осигурените лица во поднесувањето на трошоците, како и случаите во кои се ослободуваат осигурените лица од учеството поради определени причини што довеле до потреба за користење на тие видови здравствена заштита.

**Ортопедски помагала и чевли, санитарни справи и санитарни материјали**

Член 2

Осигурените лица се ослободуваат во целост од учеството во трошоците и тоа за:

1. протези за горни екстремитети (вештачки раце со дланка),
2. инвалидски колички дадени на употреба,
3. стапови или патерици,
4. сите видови санитарни справи.

Член 3

Осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците и тоа за:

1. чевли со протеза — 40% од стварната цена на чинењето,
2. ортопедски чевли — 30% од стварната цена на чинењето,
3. кожни нараквици — 30% од цената на чинењето,
4. гумени еластични чорапи — 40% од цената на чинењето,
5. затеги, суспензориуми и појаси — 30% од цената на чинењето,
6. корсети и мидери — 30% од цената на чинењето,
7. ортопедски влошки — 30% од стварната цена на чинењето,
8. кожни капи — 40% од цената на чинењето,
9. перика и вештачка дојка — 40% од стварната цена на чинењето.

Член 4

По исклучок на член 2 од оваа одлука, осигурените лица кои добиваат протези за горните и долните екстремитети, а потребата за истите настанала пред здобивањето на својство на осигурено лице, учествуваат во поднесувањето на трошоците во височина од 20%.

Член 5

Сите видови очила — 40% од стварната цена на чинењето.

Член 6

Слушни апарати во височина од 30% од стварната цена на чинењето.

Член 7

Забнопротетички помагала предвидени со правилникот за индикации на забнопротетичка помош во височина од 20% од стварната цена на чинењето.

Член 8

Во поднесувањето на трошоците предвидени со оваа одлука не учествуваат осигурени лица — деца до навршени 15 години, а ако се на редовно школување — до пропишаното редовно школување, а најмногу до 26 годишна возраст и лица на кои потребата од сите видови на помагала настапила како последица на несреќа на работа и професионално заболување.

Член 9

Осигурените лица дел од трошоците предвидени по оваа одлука ги плаќаат на организацијата која го испорачила помагалото или санитарната справа.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-34/1
26. декември 1974 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнаџиски,** с. р.

## СОДРЖИНА

Страна


36. Решение за највисоките износи на дневниците за службени патувања во странство што им се признаваат во материјални трошоци на републичките органи на управата — — — — — — — — — 97
37. Решение за именување советник во Извршниот совет — — — — — — — — 100
38. Решение за именување советник во Извршниот совет — — — — — — — 100
39. Решение за именување советник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика — — — — — — — 100
40. Решение за дополнување на Решението за определување работни организации за прегледи на жичарите — — — — — 101
41. Правилник за обележување на автобусите со кои се превозуваат деца — — — — 101
42. Правилник за определување регистрациони подрачја за моторни и приклучни возила — — — — — — — — — — 102
43. Правилник за димензиите и начинот на поставување на посебните таблици за означување на возилото на кое се врши подготвување кандидати за возачи — — — 102
44. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 19/74 од 16 јануари 1975 година — 102
45. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 8/74 од 22 јануари 1975 година — 103
46. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 9/74 од 22 јануари 1975 година — 104


**Општи акти на самоуправните интересни заедници**


80. Решение за образување Изборна комисија на Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје за спроведување дополнителни избори за избор на делегати во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје — — — — 104
81. Решение за распишување дополнителни избори за избор на делегат во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје — — — — — — — 105
82. Решение за распишување дополнителни избори за избор на делегат во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје — — — — — — — 105
83. Одлука за утврдување престанок на делегатски мандат на делегат во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје — — — — — — — — — — 105
84. Одлука за утврдување престанок на делегатски мандат на делегатот Јован Шарац во Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје — — — — — — 105
85. Одлука за распишување избори за делегат во Собранието на Заедницата на научните дејности — — — — — — — — 105
86. Одлука за распишување избори за делегат во Собранието на Заедницата на научните дејности — — — — — — — — 106
87. Решение за именување Републичка изборна комисија за спроведување избори за делегати во Собранието на Заедницата на научните дејности — Скопје — — — 106
88. Одлука за стапките и тарифата на придонесот за здравственото осигурување на работниците и стапките на посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство во 1975 година — 106
89. Одлука за стапката на придонесот од катастарскиот доход и паушалниот придонес по осигуреник за здравствено осигурување на земјоделците за 1975 година — 107
90. Одлука за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурено лице — — — — — — — 107
91. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање придонеси за здравственото осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци — — 108
92. Одлука за висината на износот на помошта за спрема на новородено дете — 108
93. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурено лице — — — — — — — 109
94. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со користењето на здравствена заштита — — 109
95. Одлука за височината на надоместокот на личен доход по истекот на првите 30 дена спреченост на работа — — — — 109
96. Одлука за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување — — — — — — — — — — 110
97. Одлука за утврдување висината на учеството на осигурените лица во поднесување на трошоците за здравствени услуги 111
98. Одлука за учество на осигурените лица во поднесувањето на трошоците за забнопротетички средства и забнотехничка помош, ортопедски чевли и други помагала и санитарни материјали — — — — — 111


**Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**